# З А П И С Н И К

Од триесет и втора седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 28.03.2024 година, (четврток) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 13** советници.
**Отсатни: Адем Јашари и Агнеса Зенуни**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред.

1.Разгледување и усвојување на записникот од триесет и првата седница на Советот на општина Брвеница.
2.Предлог-Одлука на надоместок за уредување на градежно зејиште за градба на семејни стамбени згради и други објекти на територијата на општина Брвеница.
3.Предлог-Одлука за опфаќање на бесправен објект во урбанистичка планска документација во населено место Челопек по барање на лицето Мамути Африм.
4. Предлог-Одлука за опфаќање на бесправен објект во урбанистичка планска документација во населено место Челопек по барање на лицето Мамути Ќашиб.
5.Предлог-Програма за ревитализација по елиминирањето на кризата предизвикана од природни непогодби и други несреќи на територијата на општина Брвеница.
6.Рзгледување и усвојување на Годишен Извештај за финансиско работење за 2023 година на ОЈП Вардар с. Брвеница.
7. Рзгледување и усвојување на Извештајот за работа на ОЈП Вардар Брвеница за календарската 2023 година.
8.Годишен план за вработување за 2025 година на ООУ,, Коста Рацин,, Брвеница.

Претседателот на Советот откако го прочита дневниот ред кажа дека има уште една дополнителна точка а тоа е барање на жител кој е социјален случај, бара да се приклучи на водоводна мрежа и канализација без комунални такси.

Претседателот на Советот праша дали има уште некој за измени и дополнувања на дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот дневниот ред, го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните советници.

Претседателот на Советот кажа, пред да почне седницата предвидено е да има и советнички прашања, ако некој има нешто да праша нека повели, затоа што имам јас неколку прашања.
Се надевам дека во наредната седница и во меѓувреме ке добиеме или писмен или усмен одговор.Првото прашање ми е до каде е процесот за асфалтирање на патот во Челопек од центарот до гробиштата и улицата Циле маало, друго прашање за село Гургурница има и барање исто така да се поправи патот од Стенче до Волковија. Има барање и ни беше во план да се стават заштитници на патот во Гургурница. За ова очекувам објаснување усмено или писмено.

.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на записникот од триесет и првата седница на Советот на општина Брвеница.„ Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„**Записникот од триесет и првата седница на Советот на општина Брвеница.„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, „Предлог-Одлука на надоместок за уредување на градежно земјиште за градба на семејни стамбени згради и други објекти на територијата на општина Брвеница„ .

Претседателот на Советот отвори расправа,и го замоли соодветниот од општината да ја образложи точката.

Соодветниот од општината зеде збор и кажа, се работи за измена на комуналиите врз основа на покачените просечни плати, така и ние ги менуваме комуналиите. Како и секоја година во месец март ни доаѓа просечната плата од минатата година па така и ние мораме да донесеме нова одлука за надоместоткот за комуналиите. За станбените простории беше 350 ден од квадрат и така ќе остане, исто така и за деловните простории беше 550 така и ќе остане.

Значи има разлика кај намените за Г1, Г2, Г3 и Г4 и кај соларните фотоволтаицни панели. Лани цената кај овие Г намени беа 96 денари а оваа година ке бидат 109 денари, а кај панелите лани беше 31.86 а оваа година 36.61 денари. Значи измените се однесуваат само кај овие две намени, другото останува се исто. Ако имате некое прашање повелете и стојам на располагање.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, ние како комисија од урбанизам оваа точка ја поминавме, бидејќи цените се исти, од моја страна имаше предлог сите села да немаат иста цена за комуналии бидејќи има села како Гургурница, Волковија и Блаце кои се неразвиени.

Бидејќи никој друг не се јави за збор „Одлука на надоместок за уредување на градежно зејиште за градба на семејни стамбени згради и други објекти на територијата на општина Брвеница**„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатен од присутните советници.

**III**

По однос третата точка на дневен ред „Предлог-Одлука за опфаќање на бесправен објект во урбанистичка планска документација во населено место Челопек по барање на лицето Мамути Африм „ .

Председателот на Советот кажа, имаме две точки исти трета и четврта, ќе дискутираме заедно а ќе гласаме посебно.

Председателот на Советот збор му даде на председателот на урбанизам.

Председателот на комисијата за урбанизам кажа, овие точки не се поминати,бидејќи од страната на урбанизмот лицата во предметите не ги исполнуваат условите за легализација и предлагам некој од урбанизмот да ја елаборира точката.

Соодветниот од општината кажа, се работи за две викендици кои се изградени на земјиште на РСМ. И се наоѓаат надвор од градежен реон а за вакви објекти што се изградени надвор од градежен реон според законот за легализација на бесправно изградени објекти за нив одлучува советот. Овој закон дозволува да се изградат објекти да се легализираат оние објекти кои се изградени пред да се донесе законот а тоа 03.03.2011 година. Овие два објекти се изградени во 2015 година после донесување на законот за бесправно изградени објекти и не ги исполнуваат условите. За едно земјиште да се легализира мора да има потврда дека го користи тоа земјиште повеке од 20 години. Лицата од урбанизам и во иднина на тој реон немаат план да вршат урбанизација, така да и тука не ги исполнуваат условите во законот за легализација.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, дали до сега сме имале вакви случаи и како сме постапувале тогаш. Да знаеме како да постапиме сепак ти е се наши граѓани, треба да се разгледа добро пред да се донесе некаква одлука.

Соодветниот од општината се надоврза и кажа, сме имале вакви случаеви кога јас не сум бил претставник на комисијата, тогаш колегите што ги работеле вакавите предмети ги одбиле вакавите случаи.

Председателот на Советот се надоврза и праша, имотниот лист што е издаден на 31.03.2016 година има договор на концесија и право на користење, дали може некој да приватизира.Сега има право на користење ПРПАРИМИ ПАТ.

Соодветниот од општината кажа, со тоа уште повеќе ја отежнува ситуацијата, тоа е дадено на физичко лице ПРПАРИМИ ПАТ го има на користење и неможе да даде нешто што не е во негова сопственост.

Претседателот на Советот отвори расправа и кажа, бидејќи ги знаеме условите, ниеден не е исполнет, на нас како совет останува да гласаме.Секој може да гласа како што мисли.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за опфаќање на бесправен објект во урбанистичка планска документација во населено место Челопек по барање на лицето Мамути Африм,, ја стави на гласање и за истата гласаја 1 за, 1 Воздржан и 10 против.

**IV**

По однос четвртата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за опфаќање на бесправен објект во урбанистичка планска документација во населено место Челопек по барање на лицето Мамути Ќашиб,, Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, ова е иста точка како и претходната, за иста парцела се работи, и за оваа точка беше образложено во претходната но доколку имате нешто да прашате тогаш повелете.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за опфаќање на бесправен објект во урбанистичка планска документација во населено место Челопек по барање на лицето Мамути Ќашиб ,, ја стави на гласање и за истата гласаја 1 за, 1 Воздржан и 10 против.

## V

По однос на петтата точка од дневниот ред „Предлог-Програма за ревитализација по елиминирањето на кризата предизвикана од природни непогодби и други несреќи на територијата на општина Брвеница,, .

Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината да ја образложи точката.

Соодветниот од општината кажа, на почетокот на оваа година од страна на центарот за управување со кризи ни беше укажано дека треба да имаеме ваква програма затоа и за прв пат ја воведуваме во нашата општина.Ревитализацијата значи пружање на помош на населението, хуманитарна, здравствена се со цел после елиминирањето на кризата да дојде до ревитализација и смирување на состојбите. Во програмата има неколку начелни точки со цел доколку дојде до примена на оваа програма се приготвува акционен план со конкретни мерки и активности.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, околу финансирањето имате ставено 500 денари дали овие средства ке се користат или не.

Соодветниот од општината се надоврза да објасни и кажа, овие средства се предвидени во случај на некој немил настан, доколку нема такво нешто парите нема да се трошат.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Програма за ревитализација по елиминирањето на кризата предизвикана од природни непогодби и други несреќи на територијата на општина Брвеница,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на пристутните советници.

## VI

По однос на шесттата точка од дневниот ред „Рзгледување и усвојување на Годишен Извештај за финансиско работење за 2023 година на ОЈП Вардар с. Брвеница,, .

Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на комисијата за финансии да образложи по однос на точката.

Претседателот на Времената Комисија кажа, овој извештај беше прифатен од страна на комисијата, го замолувам сметководителот од ОЈП Вардар да ни објасни повеќе околу точката.

Сметководителот од ОЈП Вардар Брвеница го образлагаше Годишниот Извештај за финансиско работење за 2023 година на ОЈП Вардар с. Брвеница,, .

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, вие броевте но не ги броевте едно по едно како на пример расходите за вода. Имаме приходи од продажба на вода, приклучоци на фекална канализација. Имаме улично осветлување 7.650.000 денари а годишно се плаќа струја од околу 5.370.000 денари. Од сите овие средства на општината останува 37.000 евра а месечно ние имаме договор со фирма за одржување 5.000 евра и ние со ова сме постојано во минус. Како да се ослободиме од ова, место да сме во добивка ние сме во постојана загуба. А и заработката е многу мала.

Сметководителот одговори, во Годишниот Извештај прикажано е по броило на уличното осветлување како ги фактурира ЕВН и на крај се поравнуваат. Уличното осветлување е преку ОЈП Вардар и доделено е како дејност на ОЈП Вардар а го сервисира општината преку фондот за улично осветлување.

Абеб Нухии повторно зеде збор и кажа, како резултат на Статутарните промени за пренесување на надлежностите од општината на ОЈП Вардар Брвеница ние имаме договор кој е многу скап за одржување на уличното осветлување. Средствата од уличното осветлување се 37.000 евра а 5.000 евра е одржувањето по 12 месеци е 60.000 евра, тие други 25.000 евра општината ги дава да се покриеме за улично осветлување. Во случајов ние немаме заработка туку плаќаме повеќе. Доколку тој договор е штетен и општината треба да преземе мерки и да се види.

Сметководителот кажа, ова што го гледате како трошок е само за електрична енергија објавено по јавна набавка од страна на општината, истото го сервисира општината од делот на фондот за улично осветлување преку претпријатието ги покира само обврските за лектрична енергија, додека другите обврски по основ на другите одржувања, промена на резервни делови и дефекти го сервисира приватник од страна на општината.

Претседателот на Советот кажа, зошто ние месечно да плаќаме 5.000 евра за одржување а се расипале 2-3 лампи, зошто одржувањето да не го прават вработените во ОЈП. Треба да се најде начин барем во делот на одржувањето на уличното осветлување, само оддржувањето да го преземе нашата општина и да најдеме начин да ја одржуваме мрежата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Годишен Извештај за финансиско работење за 2023 година на ОЈП Вардар с. Брвеница„ , ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните советници со еден „Возджан„ и 12 „ЗА„.

## VII

По однос на седмата точка од дневниот ред „Рзгледување и усвојување на Извештајот за работа на ОЈП Вардар Брвеница за календарската 2023 година„

Претседателот на Советот збор му даде на Председателот на времената Комисија.

Председателот на времената Комисија кажа, и оваа точка ја поминавме на комисија сега збор давам на преставникот од претпријтието да ни ја образложи точката.

Претставникот од претпријатието зеде збор и кажа, го имавте материјалот пред вас да прочитате, ланската година ни беше доста активна каде што имавме доста навремено санирани дефекти, нови приклучоци на вода и целосна реконструкција на водоводна мрежа. Имаме целосно чистење на базените што е битен момент за нас како претпријатие почнавле лани етапно да ја работиме. Имавме нова потопна пумпа во с. Милетино каде што општината ни излезе во пресрет финансиски, целосно чистење на бунарот. Ние се потрудивме максимално да изработиме. Ако нешто не ви е јасно и сакате да ви објаснам повелете прашајте тука сум да одговорам.

Претседателот на Советот отвори расправа и кажа, се надевам дека ќе се работи пропорционално во сите села. Мене лично ми имаат барања за да се вклучат а неможат.Јас ќе ги упатам кај вас затоа што незнам подетално како оди тоа, но морам да ги пренесам нивните барања.

Претставникот од претпријатието зеде збор и кажа, ние тука нема да запреме, финансиски неможеме сегде одеднаш, има многу дефекти во некои села, каде што санацијата не чини многу повеќе отколку реконструкција на таа мрежа.

За збор се јави Мирослав Диловски и кажа, јас тука живеам 25 години дури сега добив канализација, никој недојде да не праша, среќа што на новиот градоначалник и директорката им текна дека и тука живееле луѓе па ни ставија канализација.

Претседателот на Советот кажа, се согласувам со вас но сакав да кажам да биде секаде сразмерно, на времето ни сами си ги плаќавме, нити општината ни помогна нити никој све сами, и улиците и канализација сами направивме. Една пофалба до претпријатието бидејќи и ние како совет сме допринеле за тоа, така да сега ќе видиме и за други места каде што е неопходно да се изврши што е потребно и навремено да се реагира.

За збор се јави Адем Јетмир Јашари и кажа, сакав само да прашам кога е направена канализацијата со с.Челопек дали вие им земавте пари на луѓето или сами ја правеле. Ако не се лажам многу семејства сами имаат направено, дали ОЈП Вардар ѓе превземе нешто за и овие куќи да се поврзат со канализација.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,,Извештајот за работа на ОЈП Вардар Брвеница за календарската 2023 година,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

## VIII

По однос на осмата точка од дневниот ред ,,Годишен план за вработување за 2025 година на ООУ,, Коста Рацин,, Брвеница.

Председателот на Советот збор му да на Директорот на училиштето да ја образложи точката.

Директорот на училиштето зеде збор и кажа, како и секоја година нашиот годишен план за вработување поради големиот обем на работа имаме потреба од вработување и тоа на местото хигиеничар.Тоа оди преку министерство ние секогаш подаваме ама не добиваме одговор од нивна страна.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Збор зеде Адем Јетмир Јашари и кажа, ако не грешам ние како совет бевме согласени поради недоволно средства да се обидеме да нема други вработувања и мислам дека треба сите училишта да се придржуваат кон тоа, и мислам дека нетреба да се гласа оваа точка.Бидејќи општината нема средства да ги плаќа наставниците а не други вработени.

За збор се јави и Дончо Симјановски и кажа, ова вработување не е од сега, ова место е испразнето уште од пред 5 години и не е пополнето до ден денес. Техничката служба не е под министерство за образование, тие се под информатичко општество, така да ова барање училиштето го доставува секоја година, не дека ако сега помине на совет значи дека одма ќе се вработи такво лице, меѓутоа мора да се помине на совет. Министерството треба да предвиди средства па после да се даде согласност за вработување, кај нас на совет единствено треба да помине па општината да може да одлучи за понатака.

Повторно за збор се јави Адем Јетмир Јашари и кажа, колку што се сеќавам градоначалникот рече пред неколку седници дека нити хигиеничар заради тоа што немаме средства да ги платиме вработените. Јас мислам дека подобро е прво да ја прашаме администрацијата како стојат со финансиите па после да одлучуваме. Бидејќи истава потреба се јави и во село Челопек но ние како Совет и како општина одлучивме да донесеме таква одлука да невработиме никого.

Председателот на Советот кажа, секој сеоветник има право на свое мислење, овој годишен план е ист како и другите планови за вработување, незначи дека треба да има вработување.

Збор зеде и Абеб Нухии и кажа, мислам дека штом има побарување за план за вработување од било кое училиште ние треба да го прифатиме затоа што никој неноси такво нешто ако нема потреба. Секое училиште да донесе ваков план ние мислам сите треба да ги прифатиме, а потоа нека одлучи министерството за понатака. Ние како Совет треба да им излеземе во пресрет на училиштата и да ги гласаме ваквите планови.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,,Годишен план за вработување за 2025 година на ООУ,, Коста Рацин,, Брвениц,, ја стави на гласање и истата беше изгласана со 1 против и 12 за.

**IX**

По однос на деветтата и дополнителна точка од дневниот ред ,,Барање помош од лицето Раиф Мамути од с. Милетино,, .

Се работи за лице кое е социјален случај и куќата му е изградена со помош на соселаните и фамилијата, небара нешто посебно туку бара да му се дозволи да се приклучи на водоводна мрежа и канализација без комунални такси.

Председателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, не дека ја елаборирам точката туку се работи за социјален случај и сите од дијаспората им помагаат на ова семејтсво и ние како совет и како општина мислам дека треба да го ослободиме од вакви такси

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,,Барање помош од лицето Раиф Мамути од с. Милетино,, ја стави на гласање и истата беше едногласно изгласана од присутните советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши дваесет и шестата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Советот**
**на Општина Брвеница**

**Бр.08-478/2**
**28.03.2024 год.**
**Брвеница**

**Бујамин Рушити**